

Konrad Adenauer Stiftung

# АНАЛИЗА НА ВНАТРЕПАРТИСКАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Центар за истражување и креирање политики

ПОЛИТИКА

# И М П Р Е С У М

**Наслов**
Анализа на внатрепартиската демократија во Македонија

**Издавач**
Фондација Конрад Аденауер, Канцеларија Скопје/
Македонија

**Автори**
Александар Цеков и д-р Жидас Даскаловски, Центар за истражување и креирање политики, Република Македонија

**Истражување и анализа**
д-р Марија Ристеска, Јетон Красниќи, Љуљзим Селами и
Марија Алексоска

**Превод од англиски јазик**
Перица Сарџоски

**Дизајн и печатење**
Винсент Графика

**Тираж:**
Публикација може бесплатно да се преземе на:
www.kas.de/mazedonien
www.crpm.org.mk


**Забелешка**
**Ставовите изразени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Кондрад Аденауер, туку се лични гледишта на авторите.**

# АНАЛИЗА НА ВНАТРЕПАРТИСКАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Центар за истражување и креирање политики

**ПОЛИТИКА**

# СОДРЖИНА


**3** I ПРЕДГОВОР

**6** I 1. ВОВЕД

**8** I 1.1 ДЕБАТА ЗА ВНАТРЕПАРТИСКА ДЕМОКРАТИЈА

**11** I 1.2 МЕТОДОЛОГИЈА

**13** I 2. ЕВАЛУАЦИЈА НА ВНАТРЕПАРТИСКАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

**33** I 3. ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ЦЕНТРАЛНИТЕ ПАРТИСКИ ОРГАНИ И ЛОКАЛНИТЕ ОГРАНОЦИ

**43** I 4. ИЗБОРИ И ВНАТРЕПАРТИСКА ДЕМОКРАТИЈА

**47** I 5. ЗАКЛУЧОК

**51** I КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

ПРЕДГОВОР

Како дел од меѓународната соработка и ангажман, Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) е посветена на кампањи ширум целиот свет за промоција на човековите права, демократијата, нејзините вредности и практики, промоција на институциите на владеење на правото, како и принципите на социјалната пазарна економија.

Во моменотов, Фондацијата Конрад Аденауер ја сочинуваат 70 канцеларии со 80 официјални преставници од Германија и повеќе од 400 вработени од локалните средини кои вложуваат сериозни напори во процесот на пружање политичко образование и консалтинг. Сите овие напори имаат за цел да дадат свој придонес за развој и консолидација на демократијата.

Водени од принципот дека во една демократија граѓаните треба да бидат инволвирани во политичка акција, нашите програми во скоро секоја земја овозможуваат консултантски мерки за соработка и поддршка на современите демократски партии, што е во фокусот на нашите меѓународни активности. Сепак, директна демократија каде што секој граѓанин е директно инволвиран во процесот на политичко

донесување на одлуки не е можно во современите масовни општества. Токму затоа современата демократија има потреба од добро структуирани политички партии кои ја застапуваат волјата и интересите на граѓаните што е можно поавтентично, а истовремено овозможуваат простор за политички ангажман, со цел да влијаат врз политиката и врз процесот на донесување одлуки.

Убедени сме дека една современа репрезентативна демократија е незамислива без современи и демократски политички партии, и дека само партиите кои ќе овозможат механизми за инволвирање на граѓаните ќе можат да овозможат да се слушне гласот на поголемиот дел од општеството. Токму затоа од голема важност е да се посвети внимание не само на политичките програми на партиите, туку и на нивната внатрешна организација, нивниот начин на водење внатрешни дискусии, дебати и справување со конфликти кај различните огранoци и групи во рамките на партијата. Тука може да се додаде регрутирањето на кандидати и справувањето со инволвираност на членовите, што преставува клучна одлика на една современа демократска партиска структура, особено доколку партијата има намера да води демократска држава. Членовите на партијата ќе можат да ги остварат своите функции и должности и да го задржат својот кредибилитет само доколку во нивната организација покажат чиста посветеност кон демократските структури и правила, и доколку постепено работаат во таа насока.

Ова истражување спроведено од трустот на умови при Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) во соработка со разни автори од Македонија ја опфаќа темата на Внатре-партиска демократија во Република Македонија. Со тоа се нуди истражување, опис и

споредба на внатре-партиската демократија кај некои од поголемите политички партии во Република Македонија, со цел да се овозможи основа за развој и консолидација на демократските структури, како и можностите за учество на нивните членови.

Во таа насока би сакале да ви ја препорачаме публикацијата Политички партии, како дополнителна литература за организацијата и функционирањето на политичките партии, чии автори се моите колеги од КАС, Вилхелм Хофмајстер и Карстен Грабов. Ова дело е публикувано од страна на КАС и може да се симне од интернет страницата www.kas.de/macedonia или да се набави во канцеларијата на КАС во Скопје.

Ања Чимек
Фондација Конрад Аденауер
Република Македонија

# 1. ВОВЕД
# АНАЛИЗА НА ВНАТРЕПАРТИСКАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА[1]

Внатрепартиската демократија отсекогаш претставувала предизвик во демократиите во развој. Во дополнение, партиската демократија во овие земји често се анализира и вреднува врз основа на придонесот за развојот на севкупните демократски процеси (Кулар, 20100). Покрај сè поголемата популарност на терминот во академските дебати, се чини дека сè уште нема универзална дефиниција која нуди сеопфатно објаснение на овој концепт, ниту пак постои рецепт кој пропишува како треба да се имплементираат демократските принципи во пракса, во рамките на партијата. Без оглед на концептуалните и теоретските недостатоци, застапниците на внатрепартиската демократија се залагаат за промоција на демократските принципи во рамките на партијата што ќе придонесе за развој на севкупните демократски процеси

[1] Автори на извештајот се Александар Цеков и Жидас Даскаловски. Асистенти во истражувањето се Јетон Красниќи, Марија Алексоска, Искра Геразова.

во демократиите во развој (Скароу, 2005; Лехрер, 2012; Бурнел и Гериц, 2010). Во Македонија, слично како и кај другите пост-комунистички земји од југоисточна Европа, наследството од партиската култура во минатото, како што се силните хиерархиски тенденции внатре во партијата, неконкурентните избори на партиското водство и пристап од горе-надолу во процесот на донесување одлуки, сеуште се дел од партиската организација (Карасимеонов, 2005). Таквите одлики на внатрепартиската организација во Македонија може во голема мера да го уназадат развојот на демократските процеси во самите партии, но и пошироко во земјата. Оттука, се јавува потреба за проценка на внатрепартиската демократија во Македонија, со цел да се определат главните предизвици со кои се соочува процесот, како и да се понудат прифатливи аргументи за понатамошен развој на процесот.

Оваа анализа е проследена со краток осврт врз академската дебата за внатрепартиската демократија со цел да ги истакне главните карактеристики на овој концепт, со тоа што ќе ги престави главните теоретски гледишта во рамките на теоријата за демократија, а кои се однесуваат на ова прашање. Откако ќе се разјасни методологијата, овој труд ќе се обиде да направи проценка на внатрепартиската демократија во Македонија со тоа што ќе се фокусира на три општи категории: општото ниво на демократија, односот помеѓу централните органи и локалните ограноци, како и партиската демократија и изборите. Како заклучок, овој труд ќе даде осврт на општата состојба во Македонија во врска со внатрепартиската демократија, врз база на наодите од оваа анализа.

## 1.1. ДЕБАТА ЗА ВНАТРЕПАРТИСКА ДЕМОКРАТИЈА

Внатрепартиска демократија е широк поим кој ги вклучува демократските принципи во партиската организација, како и голем опсег на методи за ефикасно вклучување на партиските избирачи во процесот на донесување одлуки и креирање политики (Даскаловски и др., 2012). На тој начин се создава партиска организација која се базира врз принципот од долу-нагоре, со тоа што ќе задржи транспарентност и вклученост во процесот на донесување одлуки, како и отчетност на партиското раководство, кои воедно се основни принципи и општоприфатени мерила за внатрепартиска демократија. Во дополнение, создавањето на политичка волја треба да се одвива преку процес на широка вклученост на граѓаните во политичката сфера, кои ќе бидат еднакво застапени во партиската структура врз база на географска, полова или социјална димензија. Со цел да се испита влијанието на внатрепартиската демократија врз функционирањето на политичките партии и нејзиното значење за развојот на севкупните демократски процеси во една земја, треба да разгледаме две значајни прашања кои се вградени во самиот концепт: колку внатрепартиската демократија е изводлива, а колку посакувана. Првото прашање е поврзано со влијанието што овој концепт го има врз функционирањето на политичките партии во насока на нивна способност да бидат ефикасни и конкурентни во политичкиот систем. Имено, политичките партии традиционално се дефинираат како централизирани институции со силни хиерархиски тенденции во сопствените редови (Мичел, 1962), што како одлика им овозможува на партиите да ја зајакнат сопствената кохезија и да бидат конкурентни наспроти другите партии (Дурвергер, 1954). Од друга страна пак, академската јавност која ја поддржува внатрепартиската демократија се залага за тоа дека политичките партии кои се организирани врз база на демократски принципи, како што се на пример конкурентни

и недискриминирачки внатре-партиски избори, вклученост и учество во процесот на донесување одлуки, се подобро опремени за партиска борба во рамките на политичкиот систем (Теорел, 1998; Бизен, 2004; Скароу, 2005). Ова тврдење се заснова на фактот што политичките партии кои практикуваат внатрепартиска демократија имаат поголем успех на изборите, со тоа што селектираат поспособни и попривлечни кандидати и водат поразумна политика која ги задоволува потребите на граѓаните (Скароу, 2005).

Колку внатрепартиската демократија е посакувано нешто за севкупниот развој на демократските процеси во едно општество е сосема друго прашање за кое научната јавност сеуште се нема изнесено со единствен став. Прашањето колку внатрепартиската демократија е посакувана во едно општество, во голема мера, зависи од теоретскиот пристап.

Оттука, либерално-демократската теорија не се занимава со внатрепартиска демократија во толкава мера. Според Сартори (2005), улогата на политичкото раководство е многу позначајна отколку учеството на граѓаните, чија улога е само да ги прифатат или не политичките платформи за време на изборите. Овој став се поистоветува со либерално-демократската теорија која демократијата ја сфаќа не како цел самата за себе, туку низ призма на нејзината функција како бранител на демократските принципи подобро од други политички системи. (Катц, 1997:46).

Спротивно на тоа, заговарачите на делиберативна и партиципативна демократија ставаат поголем акцент на внатрепартиската демократија и нејзините главни одлики: граѓанско учество во процесот на донесување одлуки, како и конкурентни и недискриминаторски внатре-партиски избори. За партиципативната и делиберативната демократска теорија, еден систем може да се нарече дека

е созреан демократски доколку во него главните агенти на демократијата (политичките партии) самите се придржуваат до демкратските принципи (Бизен, 2004). Во дополнение, со оглед на тоа дека демократијата се гледа како производ на здраво расудување помеѓу слободни, еднакви и разумни граѓани (Елсер, 1998), политичките партии треба да овозможат форум каде граѓаните ќе можат слободно да расудуваат, со цел да се овозможи еднаква и ефикасна застапеност на нивните барања и потреби од страна на политичкото раководство.

На крајот за дебатата на тема внатрепартиска демократија, може да се заклучи дека двете теоретски гледишта нудат прифатливи аргументи. Преголема внатрепартиска демократија навистина може да ја поткопа партиската кохезија и да ја намали конкурентноста на партијата пред другите партии без силно партиско раководство, што како резултат може да има негативен ефект врз способноста на партијата да ги исполни предизборните ветувања. Дополнително на тоа, со појавата на фракции во партијата се јавува нестабилност во самата партија, што може да се рефлектира и на политичкиот систем. Без оглед на тоа, политичките партии треба да се придржуваат барем до основните демократски принципи во рамките на партијата, што може да се покаже од корист за севкупниот демократски процес во земјата, поради тоа што ќе се поттикне практикување на демократијата, како и ширење на демократската култура и идеологија во општеството. Оттаму, во зависност од општествениот и политичкиот контекст во кој делуваат, политичките партии треба да се стремат кон вистински баланс помеѓу партиската демократија, во насока на очекувањата на општеството да ги развиваат севкупно демократските процеси од една страна, а од друга страна да ја задржат улогата на ефикасни кункуренти во политичкиот систем со тоа што ќе ги застапуваат интересите на граѓаните во целост.

## 1.2. МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа анализа применува методологија на квалитативно истражување. Прибирањето на податоци вклучува анализа на текст од примарен извор (статути на партии и други релевантни партиски документи) и анализа на секундарни извори како релевантни истражувања за внатрепартиската демократија во Македонија и регионот, колумни од списанија и написи во дневни весници. Во дополнение, се направи правна анализа на законската рамка која го регулира функционирањето на политичките партии, каде се вклучени Законот за општи и непосредни избори и Законот за финансирање на политички партии.

Овој труд ја опфаќа внатрепартиската динамика во шест политички партии во Македонија: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), ВМРО-ДПМНЕ[2], Либерално демократската партија (ЛДП), Демократската унија за интеграција (ДУИ), Демкратската партија на Албанците (ДПА), и Националната партија за реформација (НПР).

Во недостаток на универзална дефиниција за внатрепартиска демократија, оваа студија се фокусира на суштествените инструментални елементи на внатрепартиската демократија во Македонија. Според пристапот кој разликува три аспекти на партијата, се соочуваме со: партија на терен, партија во централна управа и партија во јавен сектор (Катц и Меир, 2002).

Со користење на методологијата развиена од тимот на ЦРПМ[3], оваа студија се фокусира на следниве инструментални елементи: партиско членство, локална организација,

[2] Автори на извештајот се Александар Цеков и Жидас Даскаловски Асистенти во истражувањето се Јетон Красниќи, Марија Алексоска, Искра Геразова.
[3] Истите методи се користеа при изработка на трудот Анализа на внатрепартиската демократија во Косово од страна на ЦРПМ.

споредни организации, бројот на степени на организираност, бројот и видот на партиски органи, процедурата за селекција, како и односот со пратеничката група. Врз основа на постоечката методологија, внатрепартиската демократија во Македонија ќе се мери на скала од следниве седум димензии: 1) правата на членовите (вклучувајќи толерирање на партиски фракции, директно учество на членовите во процесот на донесување одлуки и изборите, во процедурите за селекција итн.); 2) односот помеѓу партијата и пратеничката група (вклучувајќи сопственост на пратенички мандати, спротиставени гласања итн.), 3) предностите на претседателот на партијата (вклучувајќи го правото да предложи/постави потпретседател, правото да предложи/постави други членови на централните тела итн.); 4) хоризонталната структура на партијата; 5) автономија на месните партиски канцеларии (вклучувајќи автономија во процесот на донесување одлуки во врска со избори и замена на месно раководство, донесување одлуки на локално ниво, и доколку партиски функционери од повисок ранг добијат позиција во некое од локалните тела); 6) автономија на месните ограноци за време на избори (справување со процедурата на селекција за локални избори и локални коалиции); 7) компетенциите и изборната процедура за лидер на партијата (вклучувајќи ги ексклузивните права наспроти извршните тела); 8) именување на кандидати за јавни функции и изборни листи, (со користење пропорционален систен за рангирање на кандидатите). Сите наведени димензии ќе се вреднуваат со оценка од 1-3.[4] Овие димензии се групирани во три категории: општо ниво на демократија (категории 1-4), автономија на локални ограноци/односи помеѓу централната управа и локалните ограноци (категории 5 и 6), и демократија и избори (категорија 7 и 8).

[4] Душан Павловиќ, Политичките партии и партискиот систем во Србија по 2000, во: Социолошки преглед, том XLI (јан.-мар. 2007), бр. 1, стр. 123-141. (како кај Даскаловски и др., 2012).

# 2. ЕВАЛУАЦИЈА НА ВНАТРЕПАРТИСКАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Внатрепартиска демократија стана модерна фраза во Македонија. Во јавната дебата е присутна од воспоставувањето на мултипартискиот систем во раните деведесетти. Додека од една страна истакнати научници и аналитичари отворено го критикуваат ниското ниво на партиска демократија во Македонија, партиските лидери и повисоки функционери само начелно признаваат дека има потреба за поголема партиска демократија. Оттука, според политичкиот аналитичар Мерсел Билали "илузорно е да се мисли дека може да имаме здраво општество без здрави политички партии исто како што не е можно да се има демократија во општеството без демократија во партиите".[5] Сепак во практиката малку е направено во насока на зајакнување на демократските процеси во рамките на партиите. Општата состојба во Македонија во однос на внатрепартиската демократија најдобро е опишана од Гордана Силјаноска-Давкова[6], која вели дека: "тагикомични се оние партиски лидери кои од една страна зборуваат за демократија и развој на демократските процеси во земјата, а од друга страна водат султански партии". Оваа изјава рефлектира некои од суштинските одлики на партиската организација во

[5] Партиска (не)демократија, колумна на Мерсел Билали, објавена во дневниот весник Дневник, на 18.03.2006.

[6] Гордана Силјановска-Давкова е аналитичар и Професор на Правниот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје.

Македонија: недостаток на демократија и транспарентност во рамките на партиите, како и автократски тенденции на партиските лидери (Карасимеонов, 2005). Во дополнение, може да се каже дека процесот на развој на внатрепартиската демократија во Македонија се соочува со слични предизвици како и консолидирачките демократии од југоисточна Европа: неконкурентни избори на раководство, дискриминаторска селекција на кандидати и доминација на елити (Даскаловски и др. 2012). Таквата внатрешна организација на политичките партии води до зајакнување на позицијата на партиското раководство и намалување на способноста на партиите ефикасно да ги застапуваат интересите на граѓаните.

Во современите демократии политичките партии се трудат да одговорат на потребите на граѓаните со тоа што ги прилагодуваат нивните политики на јавното мислење. Без оглед на тоа, интересите на граѓаните како и тие на партиското членство можат често значително да застранат, со тоа што партиското раководство е во ситуација кога треба да бира дали да биде понаклонето кон партиското членство или избирачите во целост (Лехер, 2012). Згора на тоа, бидејќи партиското раководство се труди да ја задржи моќта во партијата, за време на внатре-партиските избори се труди да ги задоволи очекувањата и на "селекторатот", кој Бруно де Мескита (2002) го дефинира како "постава на луѓе кои имаат институционално право да бираат лидери". Ова создава друга линија на поделба помеѓу селекторатот и "регуларните" партиски членови со помало влијание во партијата. Таква внатрешна структура навестува дека внатрепартиската динамика се одликува со битки помеѓу разни групи кои сакаат да имаат што е можно поголемо влијание во партијата.

Со цел подобро да се разбере внатрепартиската динамика во Македонија во однос на наклонетоста на партиското

раководство кон потребите и барањата на граѓаните, селекторатот и партиското членство, подолу ќе ги разгледаме внатрешните партиски тела, вклучувајќи ги и формалните и неформалните правила по кои делува партијата.

- Правна можност за партиски фракции (групи со засебен интерес) врз основа на едно или повеќе прашања

Во Статутот на партијата која е моментално на власт, ВМРО-ДПМНЕ не стои јасно дека постои можност за формирање фракции. Во практика, сепак, постојат докази дека формирањето партиски фракции не се толерира. На пример, на Марјан Ѓорчев и Доста Димовска со нивните истомисленици не им беше дозволено да делуваат како законски фракции на ВМРО-ДПМНЕ поради тоа што го изразија своето незадоволство со политиката на партијата под претседателство на Никола Груевски. Дополнително на тоа, во случај на големи разлики во мислењето помеѓу групи или личности кои јасно ги истакнале своите интереси во рамките на партијата од една страна, и мнозинството од партиското членство од друга страна, секогаш резултирало во маргинализација па дури и исклучување на таквите групи или личности. Честопати, судирите помеѓу високи партиски функционери и мнозинството резултирале во создавање на нова партија од страна на првите.

Сепак треба да се напомене дека најчесто причините за формирање на нова партија се лични несогласувања за стратешки и оперативни прашања, отколку идеолошки разлики. Случајот со Љубе Бошковски (кој ја основа партијата Обединети за Македонија), Марјан Ѓорчев (Земјоделска партија на Македонија), Филип Петровски (Демократска десница), Доста Димовска (Демократска републиканска унија

за Македонија), Борис Змејковски (ВМРО-Вистинска), само да напоменеме неколку. Сепак, после кратко промовирање на демохристијански вредности (слично како ВМРО-ДПМНЕ) на политичката сцена, сите горенаведени партиски лидери (освен Љубе Бошковски) во одреден момент повторно се припоија кон ВМРО-ДПМНЕ. Според лидерите на овие партии, таквиот чекор бил прагматичен и неопходен за да се победи на престојните избори.[7] За да ја оправда својата одлука што се припои кон ВМРО-ДПМНЕ, Доста Димовска изјавува дека: "Во духот на христијанската љубов, ние треба да се помириме и да заборавиме на личните несогласувања меѓу нас". Треба да се постави прашање дали овие партии воопшто би се формирале доколку партиските фракции би биле законски уредени.

Ниту пак во Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) се дозволени фракции, ниту пак се толерираат тенденции кон такви активности. Во 2006, поранешниот партиски лидер на СДСМ Владо Бучковски[8] поднесе иницијатива за законско уредување на партиските фракции во СДСМ преку промени во Статутот како дел од поопсежен процес на реформи во партијата.[9] Без оглед на сето тоа, таквата можност беше категорично одбиена од страна на партиското раководство. Јани Макрадули, потпредседателот на партијата во тоа време, во одбрана на позицијата на партијата против дозвола на партиски фракции изјавува: "Ние сме направиле бројни анализи на партиски статути на многу партии со социјалдемократска идеологија и не најдовме ниту еден пример каде партиските фракции се законски".[10] Во дополнение, Каролина Ристова Астеруд, висок партиски функционер на

---

[7] "Груевски се соединува со Змејковски, Ѓорчев и Димовска", напис објавен во дневниот весник Дневник на 18.03.2006.
[8] Претседател на СДСМ од 2004 до 2006.
[9] Интервју со Владо Бучковски објавено во дневниот весник Утрински Весник на 08.09.2012.
[10] Интервју со Јани Макрадули објавено во дневниот весник Дневник од 21.01.2007.

СДСМ и Секретар за меѓународни прашања на СДСМ, во сопствената колумна објавена во Утрински весник вели дека компаративните партиски искуства и политичките науки не даваат јасно и позитивно досие за партиските фракции.[11]

Можноста за формирање партиски фракции исто така не е експлицитно спомената во статутите на Либерално демократската партија (ЛДП) и Демократската унија за интеграција (ДУИ). Во ДУИ се приметуваат силни разлики во ставовите за стратешки и оперативни прашања со тенденција за организирање фракции во 2005, кога партиското членство се подели во врска со прашањето на "регионализација" (серија предлози и амандмани во врска со Законот за територијална организација) на Македонија.[12] Разликите стануваат видливи во светло на престојните локални избори, кога секоја група бара да си ги подобри позициите пред изборите. Ермира Мехмети, портпарол на ДУИ во тоа време, негираше дека овие "недоразбирања" се знак на поделби внатре во партијата, со тенденција да прерасне во партиски фракции.[13] Треба само да се напомене дека претходно тој период, Хисни Шаќири, лидерот на една од неформалните фракции на ДУИ, ја напушти партијата обвинувајќи го лидерот на партијата Али Ахмети за одредени манипулации.[14]

Што се однесува до ЛДП, според високиот партиски функционер Нано Ружин, партиски фракции во ЛДП се дозволени во практика. Ружин, кој помеѓу другото беше и кандидат за претседател на Република Македонија на минатите претседателски избори, се изјасни за таква можност во пресрет на некои внатре-партиски развојни фази, кога

---

[11] "Салонска дебата за демократија во СДСМ (2)" колумна на Каролина Ристова Астеруд објавена во дневниот весник Утрински весник од 09.02.2007.
[12] "ДУИ со три струи" напис објавен во дневниот весник Време од 12.02.2005.
[13] Ibid.
[14] "Хисни Шаќири формира фракција во ДУИ од кумановскиот огранок" напис објавен во дневниот весник Време од 20.01.2005.

Ивица Боцевски се изјасни со различен став од официјалната позиција на партиското раководство за одредени стратешки и оперативни прашања поврзани со престојните локални избори во 2013.[15] Во својот коментар за ова прашање, Нано Ружин во интервју за дневниот Утрински весник изјавува дека до одредена мера ова е "револуционерен" случај во контекст на внатрепартиска демократија, што ја потврдува подготвеноста на ЛДП да толерира партиски фракции.[16]

Ниту во Статутот на Демократската партија на Албанците (ДПА) не е експлицитно наведена можноста за формирање на партиски фракции. Теоретски, партиските фракции би можеле да се формираат врз база на член 11.3/4 од Статутот кој вели: "секој член на партијата има право да го изнесе своето мислење во рамките на партијата". Членот 11.3/4 може да се отповика и во случај кога одредено мислење не се совпаѓа со мнозинството во партијата. Во дополнение, во согласност со член 16, членовите на партијата не смеат да бидат спречувани да ги изразат сопствените ставови. Во практика, сепак, не постојат никакви индикации дека партиските фракции се толерираат во рамките на партијата. На пример, по конфронтирањето на Имер Селмани со партиското раководство во 2008, овој висок партиски функционер ја напушти партијата и формира ново политичко тело. Причината за ова, според Селмани, било недостаток на толеранција за партиски фракции и општото ниско ниво на демократија во рамките на партијата во која тој бил член уште од 1996.[17]

Статутот на НПР не наведува дека постои можност за создавање партиски фракции. Ниту пак имало такви

---

[15] Извор: дневен весник Утрински весник, објавено на 24.10.2012.
[16] Интервју со Нано Ружин објавено во дневниот весник Утрински весник на 24.10.2012.
[17] Интервју со Имер Селмани објавено во дневниот весник Дневник, на 04.09.2008.

тенденции во вистинскиот политички живот за време на краткиот период за кој постоела партијата.

- Можност за јавно критикување на партиска позиција

Членовите на ВМРО-ДПМНЕ може да ги изнесат своите лични ставови кои се спротивни на официјалните позиции на партијата, а ова најчесто се врши преку колумни. Без оглед на тоа, слободата на изразување на личното мислење е ограничена со Член 16 во Статутот кој вели дека секакво делување спротивно на статутот, програмските документи и други партиски акти може да се санкционира дури и со исклучување на член од редовите на партијата. Доколку го интерпретираме малку пошироко овој член тогаш сериозно се ограничува слободата на изразување на личниот став на членовите на партијата. Во практика, не постојат силни докази кои ќе покажат како влијае јавната критика врз партиското раководство.

Во СДСМ, членовите имаат право да имаат различно мислење, предлози и позиции, правото да информираат и да бараат поддршка од другите членови за повторно разгледување на одредено прашање за кое не добиле мнозинска поддршка претходно. Сепак, во реалноста тоа може да ги стави во малцинство за време на дебати и донесување одлуки па дури и да ги маргинализира. На пример, таква маргинализација на партиски член во реалноста му се случи на високиот партиски функционер Тито Петковски, откако јавно ја изјави својата различна позиција од партиската во врска со Законот за признавање на Универзитетот во Мала речица и Законот за територијална реорганизација во 2004.[18] Откако кратко време делуваше како дел од неформална фракција во СДСМ, Тито Петковски ја напушти партијата во која членувал повеќе

[18] "Свена розата на реверот од Петковски" напис објавен во дневниот весник Утрински весник од 16.10.2006.

од 15 години и ја основаше Новата социјал-демократска партија. Причините, според Петковски, беа “недостаток од демократија во СДСМ, што е исто така случај со другите партии во Македонија”.[19]

Изнесување на мислење кое е различно или спротивно на официјалната позиција на партијата или мнозинството од членството во ЛДП е дозволено според член 13 од Статутот. Со истиот член, сепак, се охрабруваат членовите таквото мислење да го изнесат и потврдат преку партиските законски органи. Во реалноста, ова беше случај со високиот партиски функционер Ивица Боцевски, кој отворено се произнесе против позицијата на партијата во однос на партиската одлука за формирање на коалиција со СДСМ и други партии на престојните избори во 2013.[20]

Можноста за јавно критикување на официјалната позиција на партијата или имањето различно мислење од мнозинството во ДУИ е во голема мера ограничено со член 11 од Статутот, кој предвидува санкции за дејствија против Статутот и партиската програма како што е отстранување на член од партијата. Во реалноста, партиската дисциплина и кохезија ја одржува партискиот лидер Али Ахмети чиј авторитет во партијата се смета за неконкурентен.[21]

Во ДПА, членот 11 од Статутот на партијата им дава можност на членовите слободно да го изнесат нивниот различен и спротивен став од партиското мнозинство без да се сметаат за одговорни поради таквото делување. Сепак, ова ретко се случува во практика, бидејќи на таков начин партиското членство ризикува да го маргинализира и намали значењето на процесот на донесување одлуки.

---

[19] “Петковски вторпат во две недели во Штип” напис објавен во дневниот весник Вечер од 05.09.2006.
[20] “Боцевски не се гледа себеси во “иднината” на Црвенковски” напис објавен во дневниот весник Дневник од 24.10.2012.
[21] Интервју со висок партиски функционер на ДУИ објавен во www.time.mk, од 17.12.2009.

Според партискиот Статут на НРП, партиското членство има право да го изрази сопственото мислење и позиции во рамките на партиските тела (Член 25). Дополнително на тоа, членот 25.5/7 им дава право на иницијатива на партиските членови. Дејствијата на партиските членови, сепак, се ограничени со членот 26, кој вели дека партиските членови се обврзани на согласност со статутарните провизии.

- Дали парламентарците може да гласаат спротивно на партиската позиција во Парламентот?

Пратеничката група на СДСМ делува во координација со одлуката на Централниот одбор (Член 76 од Статутот) и најмалку двапати годишно пратеничката група поднесува извештај за своето работење и ја координира својата активност во Централниот одбор. Централниот одбор ја евалуира работата на пратеничката група и дава предлози во врска со прашањата кои произлегуваат од парламентарната дебата (член 77). На тој начин, таквата институционална поставеност остава ограничен простор за маневрирање од страна на пратеникот. Во практика, Тито Петковски како пратеник од СДСМ се повлече од гласањето за давање доверба на владата на СДСМ, што одекна во јавноста, акцентирајќи го на тој начин, неговиот конфликт со партиското раководство.[22]

Теоретски, членовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаат можност да гласаат различно од официјалната партиска позиција за одредено прашање, но ова нивно право не се практикува многу често. Истото важи и за пратениците од ЛДП. Во двата случаи, повеќе или помалку, членовите се поведени од партиска дисциплина што остава малку простор за индивидуално делување.

---

[22] "Свена розата на реверот од Петковски" напис објавен во дневниот весник Утрински весник од 16.10.2006.

Статутот на ДПА пропишува дека пратеничката група ги хармонизира активностите на своите членови и уверува дека таквите активности се во согласност со Статутот и Програмата на партијата (член 54.3). Статутот на ДУИ на сличен начин ги регулира активностите на пратеничката група според член 61.

- Изборни процедури за партиски позиции-избор на претседател на партијата/кој има законско право да го смени претседателот на партијата?

Партиското членство на СДСМ има право да го изнесе своето мислење кое ќе биде земено предвид. Токму затоа сите членови треба да се вклучени во изборот на партиско раководство преку примарни избори, а исто така да земат поактивно учество во процесот на донесување одлуки (член 11/2.3.4.5).

Според Статутот на партијата, кандидатите за партиски функции може да бидат назначени од страна на членови на партијата, преку само-назначување, а и по предлог на Претседателот, Секретарот и Извршниот одбор на партијата (член 68). Изборот на функционери на СДСМ, вклучувајќи го и претседателот на партијата, се одвива преку тајно гласање, во два круга. Во првиот круг, потребно е да се добие мнозинство на гласови од присутните, под услов да не биде помалку од една третина од вкупниот број на членови во телото. Двајца кандидати остануваат за во вториот круг. За да се освои победа, потребно е да се обезбедат гласовите на релативното мнозинство, што не треба да биде помалку од една третина од вкупниот број на членови во телата. Што се однесува до изборот на претседател на партијата, во практика обично само еден кандидат е предложен од страна на Конгресот, што значи дека неговата победа е без

конкуренција. Во 2003 се јавија гласини дека Тито Петковски ќе се кандидира за позицијата претседател на партијата, на тој начин предизвикувајќи го Бранко Црвенковски. Според Петковски кога има двајца кандидати кои се кандидираат за позиција неприкосновено се зајакнува партиската демократија.[23] Од формирањето на партијата, позицијата на претседател на СДСМ ја држеле Бранко Црвенковски (1994-2004), Владо Бучковски (2004-2006) и Радмила Шеќеринска (2006-2008). На 9-тиот Конгрес на партијата во 2009, партиските делегати повторно го избраа Бранко Црвенковски како претседател на партијата.[24]

Во ВМРО-ДПМНЕ назначувањето на кандидати за претседател на партијата се врши на партискиот конгрес (еден вид на конвенција), и според Статутот на партијата, кандидатите треба да бидат поддржани од најмалку 30 члена на конгресот (член 20). На овој начин, има отворена можност за номинација на повеќе од еден кандидати. Ова се случи во 2003 кога Никола Груевски и Марјан Ѓорчев се кандидираа за таа позиција. Исто така вредно е да се напомене дека во практита претседателот на партијата и централните комисии имаат значително влијание врз изборниот процес со цел да обезбедат победа за нивниот фаворит. Такво влијание имаше поранешниот претседател на партијата Љубчо Георгиевски, кој го поддржа изборот на Никола Груевски за претседател на партијата.[25]

Статутот на ЛДП напоменува дека кандидатите самите се назначуваат а дека партиското собрание го избира и отповикува Претседателот на партијата (член 34). Во практика, најчесто се јавува само еден кандидат и победата

---

[23] "Црвенковски не сака да има против-кандидат за лидерската позиција" напис објавен во дневниот весник Дневник од 18.03.2006.

[24] Извор: Историја на СДСМ објавена на официјалната веб страница на партијата www.sdsm.org.mk.

[25] "Ѓорчев и Груевски започнаа со битката за лидерска позиција"; напис објавен во дневниот весник Дневник од 16.10.2006.

е без конкуренција. Таков беше случајот со изборот на актуелниот претседател на ЛДП Андреј Жерновски кој го наследи Јован Манасиевски на оваа позиција. Манасиевски даде оставка после слабите изборни резултати на ЛДП на парламентарните избори во 2011.[26]

Назначувањето на кандидати за лидер на партијата во ДПА се врши од страна на делегат на конгресот на партијата, поддржан од најмалку 10% од делегатите. Тогаш, процедурата опфаќа тајно гласање од страна на делегатите на Конгресот, кој исто така има моќ да го отповика мандатот на Претседателот (член 38). Во партијата, лидерот беше променет само еднаш кога поради здраствени проблеми поранешниот партиски лидер Арбен Џафери беше заменет со Мендух Тачи.

Истата процедура е опишана во Статутот на ДУИ под член 44. Без оглед на сето тоа, Статутот пропишува дека критериумот врз основа на кој може да се назначува кандидат е определен од страна на Централниот комитет (член 45). Сепак треба да се нагласи дека до сега се нема случено промена на партиски лидер од формирањето на партијата. Оваа функција ја врши Али Ахмети чија позиција досега била без конкуренција.[27]

Според партискиот статут на НРП, изборот на претседател се врши на партиски Конгрес (36.6). Истото партиско тело има право да го отповика претседателот на партијата од неговата функција според член 36.7.

- Кој ги назначува и избира потпретседателите?

Процедурата за назначување и избор на потпретседател на СДСМ е опишана со Член 68, со кој се регулира процедурата

[26] Извор: дневен весник Нова Македонија, 03.10.2011.
[27] Интервју со висок партиски функционер на ДУИ објавен во дневниот весник Дневник од 24.10.2010.

за избор на претседател на партијата како и други партиски позиции во централните тела на партијата. Партиското тело кое игра централна улога во изборниот процес е Централниот комитет, кој одлучува за критериумите за назначување и избор на кандидати.

Во ВМРО-ДПМНЕ претседателот на партијата назначува кандидати за потпретседател на партијата. Според член 24 од Статутот, потпретседателите ги гласа и отповикува Централниот комитет на партијата. Слично, назначувањето на кандидати за потпретседател во ДУИ се врши од страна на претседателот на партијата. Генералното собрание на партијата потоа гласа за предлогот (член 40.4). Сепак, треба да се напомене дека членот 44.5 со кој на претседателот на партијата му се дава право на вето за одлуки и предлози на било кое партиско тело, што може да се искористи за да се влијае при изборот на потпретседатели.

Правото да назначува кандидати за потпретседатели во ДПА му припаѓа на претседателот (член 46) и на Централниот комитет, кој може да назначи кандидат со поддршка од најмалку 1/3 од членството (член 55). Кандидатите предложени од страна на Централниот комитет, сепак, треба да бидат поддржани од страна на претседателот. Потпретседателите ги гласа Централниот комитет, а истото тело (со најмалку ¼ од членството) може да започне процедура за отповикување на потпретседателот. Претседателот исто така има право да го отповика потпретседателот.

Во ЛДП кандидатите за потпретседател се назначени од страна на претседателот на партијата, а Централниот комитет е тој кој избира или отповикува потпретседател (член 39). Во изборниот процес за потпретседател, претседателот и Извршниот одбор имаат големо влијание врз резултатот.

Правото да назначува кандидати за потпретседатели на НПР му припаѓа на претседателот на партијата, додека пак Централниот комитет ги избира потпретседателите на партијата (член 83 и 51.2). Истите партиски тела се инволвирани и се користи истата процедура при отповикување на потпретседателите. Имено, претседателот на партијата дава предлог, додека пак Централниот комитет гласа за отповикување на потпретседателите.

- Кој има законско право да поставува и отповикува Генерален секретар?

Во СДСМ, процедурата за назначување, поставување и отповикување на Генерален секретар и партиските тела кои се инволвирани во процесот е пропишана во Статутот на партијата со член 68-74. Процедурата е иста за партиски функционери, Претседателот, Генералниот секретар и членовите на Извршниот одбор. Сепак, тројцата високи партиски функционери се обврзани да достават детална агенда до Ивршниот одбор.

Назначувањето на кандидат за Генерален секретар (ГС) на ВМРО-ДПМНЕ се врши од страна на претседателот на партијата, а тој/таа има право да започне процедура за отповикување на ГС (член 22). Централниот комитет на партијата гласа за поставување или отповикување на ГС (член 24). Во практика, сепак, влијанието на лидерот на партијата врз изборните резлутати е од одлучувачко значење.

Во ЛДП, сите членови на партијата заинтересирани за позицијата Генерален секретар имаат право да го изразат својот став со тоа што ќе се назначат себеси за кандидат.

Назначувањето на кандидати за Генерален секретар во ДПА се врши од страна на Централниот комитет по предлог на Претседателот. Централниот комитет е овластен со Статутот

да гласа за поставување и отповикување на Генералниот секретар (член 40.5). Нема потреба да се напомене дека претседателот на партијата има право на вето за сите одлуки и предлози од било кое тело на партијата според член 44.5.

Процедурата за избор на Генерален секретар во ДУИ е пропишана со член 58, 46 и 48. Според оваа процедура, Генералниот комитет назначува кандидати со поддршка од најмалку 1/3 од членството по предлог на претседателот на партијата. Тогаш, Генералниот комитет гласа за поставување или отповикување на Генералниот секретар.

Назначувањето на Генерален секретар во НПР се врши по предлог на претседателот на партијата (член 83). Потоа Централниот комитет гласа за Генералниот секретар, а истото тело има право да го отповика Генералниот секретар од функција (член 51.3).

- Кој има законско право да го постави и отповика Извршниот комитет?

Според Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, членовите на Ивршниот одбор ги поставува и отповикува Централниот комитет (член 24). Исто така, доколку кандидатите ги исполнуваат квалитативните норми, претседателот може да го употреби својот авторитет да изгласа и постави одреден кандидат за член на Извршниот одбор според член 39 од Статутот на партијата. Исто како во горенаведениот случај, претседателот на партијата има големо влијание во одлучувањето при поставување членови на Извршниот одбор.

Според членот 54 од Статутот на ДУИ, Извршниот одбор има одговорност пред Централниот комитет. Назначувањето на кандидати за членови на Извршниот одбор се врши од страна на претседателот на партијата.

Во ДПА, кандидатите за Извршниот одбор се селектираат од страна на членовите на Централниот комитет, а истото тело на партијата ги поставува и отповикува членовите на Извршното тело (член 43.7). Апсолутното право на вето на претседателот на партијата може да се искористи тука, според член 44.5.

Извршниот одбор на СДСМ се состои од Претседателот на партијата, Секретарот на партијата, Потпретседатели, Организациски секретар, Секретар за меѓународна соработка и 17-19 членови избрани од членовите на Централниот комитет. Изборната процедура е опишана во членовите 68-74 од Статутот на СДСМ.

Во НПР Централниот комитет има право да поставува и отповикува членови на Извршниот одбор според член 51.1/10 од Статутот на партијата.

- Ниво на застапеност на партијата

За да има внатрепартиска демократија значајно е да се знае дали партиските тела ја земаат предвид дистрибуцијата на мандати по региони, пол, возраст и социјален статус.

Конгресот е најголемото партиско тело на ВМРО-ДПМНЕ и критериумот за дистрибуција на делегати се определува од страна на Централниот комитет. Општо земено, сите споменати критериуми за застапеност се запазени при селекција на делегати. Конгресот се среќава на редовна средба еднаш за период од четири години, но постои можност за свикување на вондредна средба во периодот помеѓу редовните заседанија.

Централниот комитет на партијата се состои од членови кои доаѓаат од сите регионални комитети во земјата, што

значи дека регионалната застапеност е до одреден степен исполнета. Исто така се запазува еднаква застапеност според полот, возраста и социјалниот статус. Централниот комитет закажува средби кога има потреба, но не помалку од еднаш во три месеци.

Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ е најмалиот орган на партијата, со само 17 члена, кој ги исполнува сите критериуми за застапеност во рамките на возможното. Средбите на Извршниот комитет се одвиваат еднаш неделно. Одлуките кои се усвојуваат во рамките на Конгресот се обврзувачки за Извршниот комитет.

Во ЛДП, најголемото тело на партијата – Собранието има одредена регионална застапеност поради тоа што се состои од членови кои доаѓаат од сите општински и градски комитети (член 31). Сепак ова не може да се заклучи и во однос на застапеноста по пол или социјален статус. Учеството на младите членови во партијата е овозможено преку неколку делегати од Либерално демократската младина кои се избрани за членови на Собранието, но освен тоа, не постојат значителни напори за одржување на еднаква возрасна застапеност во ова тело. Средбите на Собранието се закажуваат по потреба, но не помалку од еднаш во две години (член 32).

Извршниот комитет на ЛДП е прилично мало тело, што значи дека е тешко да се одржи регионална застапеност. Има одредени напори да се одржи полова и возрасна застапеност, но истото не важи и за социјалниот статус на членовите. Извршниот комитет закажува средби по потреба.

Централниот комитет има еднаква полова и восрасна застапеност, а особено застапеност по региони, но воопшто не го зема предвид социјалниот статус. Средбите на комитетот се закажуваат по потреба (член 37).

Генералното собрание на ДПА, најголемото репрезентативно тело на партијата, заседава најмалку двапати годишно (член 41). Со оглед на тоа дека членовите на Генералното собрание ги избира Конгресот на партијата (член 39), еднаква полова, социјална и географска застапеност на телото е спорно прашање.

Како репрезентативно тело, Извршниот одбор на ДПА се состои од 9 члена (член 50) со што не е застапена половата еднаквост поради тоа што само едно место е резервирано за жени. Сепак, состојбата со застапеноста на жените е поповолна во Централниот комитет, каде што 6 од 25 члена се жени (член 42).

Во ДУИ, бројот на застапници во Собранието е определен од Централниот комитет според бројот на членови во општинските организации (член 42). Оттука, географската застапеност е до одреден степен запазена. Собранието заседава еднаш во четири години. Во дополнение, доколку има потреба може да се свика и партиски Конгрес, по предлог на Претседателот или 2/3 мнозинство од членовите на Централниот комитет (член 41).

Извршниот одбор на партијата го сочинуваат 21 член кои се среќаваат по потреба, но не помалку од еднаш месечно (член 52) додека пак Централниот комитет, кој се состои од 75 члена (член 47) заседава најмалку еднаш во шест месеци.

Во СДСМ, Конгресот е највисокото тело на партијата, а делегатите се избираат за период од 4 години. Конгресот начелно ја запазува географската застапеност, бидејќи делегатите се избираат од општинските организации врз база на пропорционална застапеност на бројот на членови во општинските организации (член 24). Исто така има тенденции во Конгресот да се задржи еднаква полова застапеност.

Централниот комитет е највисокото тело кое заседава помеѓу два Конгреси. Според членот 25, Централниот комитет се состои од 70-90 члена. Половата застапеност во ова е тело е запазена, со оглед на тоа дека во актуелниот состав 25 од 87 члена се жени. Според членот 30, Централниот комитет закажува средби по потреба, но не помалку од една на секои три месеци.

Табела 1: Индекс на партиска демократија во Македонија - Општо ниво на демократија во партијата

| | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ЛДП | ДУИ | ДПА | НПР | Објаснување за индексот (можни се меѓу-категории) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Можност за имање партиски фракции | 0 | 0 | 0.5 | 0 | 0 | 0 | Постои законска и практична можност=3<br>Само законска можност=2<br>Партиски членови толерирани во практика=1<br>Нема законска или практична можност=0 |
| Критика на партиски став | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | Постои законска и практична можност=3<br>Само законска можност=2<br>Партиски членови толерирани во практика=1<br>Нема законска или практична можност=0 |
| Гласање спротивно на ставот на партијата | 0.5 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | Постои законска и практична можност=3<br>Само законска можност=2<br>Партиски членови толерирани во практика=1<br>Нема законска или практична можност=0 |
| Избор на партиски функции/ отповикување на претседател | 2 | 2 | 2.5 | 2 | 2 | 2 | Гласаат сите членови=3<br>Гласање на Конгресот=2<br>Гласање на Општиот совет= 1<br>Контрола на претседателот/ претседателството / извршното тело =0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Избор на партиски функции/ отповикување на потпретседател | 2 | 1 | 0.5 | 1 | 0.5 | 0.5 | Гласаат сите членови=3<br>Гласање на Конгресот=2<br>Гласање на Општиот совет= 1<br>Контрола на претседателот/ претседателството / извршното тело=0 |
| Избор на партиски функции/ генерален секретар | 2 | 0.5 | 2 | 1 | 0.5 | 0.5 | Гласаат сите членови=3<br>Гласање на Конгресот=2<br>Гласање на Општиот совет= 1<br>Контрола на претседателот/ претседателството / извршното тело =0 |
| Избор на партиски функции/ отповикување на Извршниот одбор | 1.5 | 1 | 1 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | Гласаат сите членови=3<br>Гласање на Конгресот=2<br>Гласање на Општиот совет= 1<br>Контрола на претседателот/ претседателството / извршното тело=0 |
| Разноликост/ застапеност на малцинските и посебните групи во партиските органи | 2.5 | 2.5 | 1 | 1 | 1 | 1 | Високо ниво на разноликост (баланс во три категории пол, возраст, регион)=3<br>Средно ниво на разноликост (баланс во две категории пол, возраст, регион)=2<br>Ниско ниво на разноликост (баланс во една од категориите пол, возраст, регион)=1<br>Без разноликост (мажи, возраст, централен регион)=0 |
| ВКУПНО | 12.5 | 9.5 | 10 | 8 | 7 | 7 | |

# 3. ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ЦЕНТРАЛНИТЕ ПАРТИСКИ ОРГАНИ И ЛОКАЛНИТЕ ОГРАНОЦИ

Во насока на внатрепартиската демократија, односот помеѓу централните партиски органи и локалните ограноци отсекогаш преставувал централно прашање. Односите на моќта во повеќе централизираните партии се воспоставуваат на тој начин со тоа што се обезбедува доминација на елитата врз партиските структури со тоа што истите владеат со процесот на донесување одлуки. На тој начин, партиското членство најчесто е подложно на дискриминација и исклучување од политичките случувања во рамките на партијата. Со зборовите на германскиот научник Роберт Мичелс (1962), таквите тенденции се во склад со напорите на партиското раководство да има контрола врз партијата по цена на партиското членство. Доколку има вакви исклучувања во рамките на партиите во консолидирачки демократии може да се поткопа развојот на демократските процеси во голема мера.

Во случај со Македонија, доминацијата на раководството се идентификува како една од главните пречки за развој на партиската демократија, и како последица на тоа, за развојот на демократијата во земјата, како од страна на академските кругови (види пример кај Силјаноска-Давкова, 2005) така

и од страна на печатените медиуми. Подолу подетално го разгледуваме случајот на Македонија.

- Кој има право да основа партиски ограноци

Организацијата на ВМРО-ДПМНЕ на локално ниво се состои од четири различни вида на тела: општински комитети, комитети од изборната единица, локални комитети, и прекугранични комитети (член 39). Општинскиот комитет е највисокото тело во општинската организација. Одлуката за основање на општински комитет, според Деловникот за работа, се донесува од страна на Извршниот комитет на ВМРО-ДМПНЕ. Но во практика, оваа одлука ја носи Централниот комитет. Правото да се распушти општинскиот комитет не е доделено на одреден орган според статутот и деловникот, но во практика ова го прави исто така Централниот комитет.

СДСМ има децентрализиран модел на организација. Организирани се врз база на територијалниот принцип, во хиерархија и подреденост помеѓу локално и национално ниво (член 39). Локалните организации се основната форма на градење политичка волја и остварување на правата и заложбите на партиското членство. Телата на СДСМ на локално ниво се: конференција, претседател на општинска организација, општински извршен одбор и општински надзорен одбор (член 41). Една општинска организација може да вклучи подредени нивоа на месна организација. Конференцијата е највисокото тело на општинска организација и ги вклучува претседателот, членовите на претседателството и надзорниот одбор, но исто така членовите на општинскиот совет, членовите на централниот одбор, пратениците во парламентот, министрите и заменици на министрите од соодветните општински организации, како и градоначалникот и претседателот на локалниот клуб на Социјал-демократската младина на Македонија.

Надлежностите на конференцијата опфаќаат: предлагање на кандидати за телата на СДСМ како и поставување на кандидати за телата на локалната самоуправа; учество во градењето и реализирањето на партиската програма; избор на претседател на општинските организации, членови на претседателството и надзорниот одбор во рамките на општинските организации; избор на делегати за конгресот; извештаи од дебати на СДСМ, итн. (член 42). Општинската организација според статутот може да се основа и распушти од страна на централниот одбор (член 39.3).

Организацијата на Либерално демократската партија исто така се базира врз територијалниот принцип. Општинската организација е основна форма на организација за граѓаните од една општина. Одлуката за основање на општинска организација се донесува од страна на Централниот комитет на партијата. Централниот комитет исто така преставува тело кое одлучува за распуштање на општинската организација (член 16 и 17).

Одлуката за основање на општинска организација во ДПА ја донесува Собранието и истото тело има право да ја суспендира или разреши општинската организација (член 23.2). Во дополнение, по барање на најмалку 20 партиски членови, Централниот комитет може да издаде правило за основање на општинска организација (член 18.3). Во случај на сериозни нарушувања на работата на општинските организации според Статутот, претседателот на партијата може да предложи суспензија или распуштање на општинската организација (член 44.6).

Според Статутот на ДУИ, Извршниот комитет е тој кој одлучува за основањето на општински организации, по барање од најмалку 20 партиски членови од регионот (член 22). Правото да се распушти општинската организација му припаѓа на

претседателот на партијата, во случај кога истиот смета дека општинската организација работи спротивно на Статутот на партијата (член 46). Во НПР локалните членови може да организираат огранок во соработка со централната канцеларија која гласа за предлогот.

- Кој го развива програмот за локалните избори?

Процедурата за креирање програма за локалните избори, иако треба да биде, сепак не е опфатена со статутот на СДСМ. Во практика, општинските организации креираат програма преку локална дебата, по предлози на членовите и специјализирани комисии на Централните тела, а СДСМ ги консултира членовите и истите се воспоставуваат на Општинската конференција. Потоа Конгресот ја усвојува програмата.

Што се однесува до креирање на изборна програма за локални избори во ВМРО-ДПМНЕ, се формира поширок тим кој е вклучен во процесот. Тука се вклучени тимови на експерти од општинските комитети, локалните комитети, советници од општините, тимови од извршниот и централниот комитет и граѓаните преку јавен повик во медиумите. Изборната програма потоа ја усвојува централниот комитет.

Во однос на локалните избори, во ЛДП општинските организации немаат автономија да креираат сопствена изборна програма, напротив, ова се прави од страна на многу повисоки тела во партиската хиерархија: Извршниот комитет и Претседателот на партијата. Оваа програма потоа се усвојува од страна на Централниот комитет на партијата.

Процедурата за креирање на изборна програма во ДПА е резултат на воспоставена практика, наместо формално воспоставување според Статутот на партијата. Во моментов, креирањето на партиската програма за локалните избори е задача на член на партијата кој е стручен во областа на јавно

мислење и масовна комуникација. Сепак, овој член на партијата ниту е член на партиското раководство, ниту постои таква позиција определена од статутот на партијата.[28] Откако еднаш ќе се дефинира изборната програма, локалните ограноци ја основаат изборната канцеларија и изборната комисија.

Во ДУИ, партиската програма се формулира од страна на специјална комисија формирана од високи партиски функционери, академици и други научни дејци. Комисијата не се воспоставува според партискиот статут, туку преставува неформално партиско тело, чие членство варира од случај до случај. Улогата на локалните ограноци во креирањето на програма за локални избори е мошне ограничена.[29] Во НПР сеуште не е јасно кој ќе ја формулира партиската програма за локалните избори поради тоа што ова е прв пат партијата да учествува во такви избори. Се очекува дека експертска група во консултации со ограноците ќе ја формулира програмата за локалните избори.[30]

- Кој назначува/прифаќа кандидати за градоначалник?

Во согласност со член 43 од Статутот на СДСМ, правото за назначување кандидати за изборни локални позиции, вклучувајќи го и градоначалникот, за локалните избори ја има општинската конференција. Истиот член на Статутот пропишува заседание на задолжителна општинска конференција пред било кои локални избори, а со цел да се анализираат резултатите од локалните избори, потребно е да се свика општинско заседание.

Статутот на ВМРО-ДПМНЕ не пропишува било каква процедура за назначување и селекција на кандидати за изборни позиции на локално ниво. Без оглед на тоа, партијата воспоставува практика за селекција на кандидати.

[28] Интервју со партиски член на ДПА.
[29] Интервју со партиски член на ДУИ.
[30] Интервју со партиски член на НПР.

Во минатото, општинската организација имаше право да селектира кандидати кои потоа ќе бидат прифатени или одбиени од централните партиски тела. Оваа практика неодамна се промени, така што новата процедура предвидува јавен повик на кој пријавените (партиски и непартиски членови) преку само-назначување ќе ја изнесат својата намера да се кандидираат за градоначалник. Потоа се врши преглед на пријавите од страна на комисија формирана од страна на Централниот комитет. Успешните кандидати во овој предизборен процес потоа ќе бидат интервјуирани од страна на лидерот на партијата.[31]

Во ЛДП, селекцијата на кандидати за градоначалник, според Статутот на партијата, е одговорност која и припаѓа на општинската организација (член 23), но во практика ова го прави партиското раководство.

Според Статутот на ДПА, членот 27 пропишува собраниско заседание на општинската организација за селекција на кандидати за изборни локални позиции.

Во ДУИ, членот 31 од Статутот им го овозможува на општинските организации правото да назначуваат кандидати за градоначалник, што треба да се направи во согласност со приоритетите и критериумите воспоставени од страна на Централниот комитет и претседателот на партијата. Централниот комитет е назначен да ги утврди листите со кандидати за изборни локални позиции за локалните избори во сите општини (член 48). Во НПР локалните ограноци се одговорни за овој процес во консултации со извршните тела на партијата.

- Кој назначува/прифаќа кандидати за локалните собраниски листи?

Процедурата за назначување и прифаќање на кандидати за локалното собрание во СДСМ е пропишано со Статутот под

[31] Интервју со партиски член на ВМРО-ДПМНЕ.

истиот член 43 како и за кандидати за градоначалници. Ова се врши од страна на Општинската конференција која има целосна автономија да ја подреди листата.

Во ВМРО-ДПМНЕ селекцијата на кандидати за локални избори и нивниот редослед на изборното ливче се потврдува од страна на централниот комитет по предлог на локалноте ограноци.

Слично како со селекцијата на кандидати за градоначалници, според статутот на ЛДП, кандидатите за локалните избори се регистрираат од страна на општинските организации а потоа листата се доставува до Централниот комитет. Во практика, селекцијата ја врши партиското раководство по претходни консултации со општинското раководство. Партиското раководство исто така го одредува редоследот на кандидатите на изборната листа.

Процедурите во ДПА и ДУИ што се однесува до назначување и прифаќање на кандидати за локалните избори се исти како и процедурите за кандидати за градоначалници, како што беше опишано во претходниот дел. Иако е потребна дополнителна дискусија, во НПР локалните ограноци во консултации со партиските извршни тела се сметаат за одговорни за назначување и одобрување на кандидати за локалните избори.[32]

- Коалициски партнери на локални избори. Кој одлучува?

Според членот 47 од статутот на СДСМ, општинскиот Извршен одбор во консултации со Извршниот одбор има право да донесе одлука за локална коалиција. Исто така општинскиот Извршен одбор може да поднесе иницијатива за локална коалција по потреба. Во ЛДП, централното партиско раководство одлучува по ова прашање. Во ВМРО-ДПМНЕ ова право му припаѓа на Централниот комитет.

---

[32] Интервју со партиски член на НПР.

Во партискиот Статут на ДПА нема пропишано никаква посебна процедура по ова прашање, а одлуката се донесува врз база на член 59 кој вели дека партиска коалиција е можна со сите демократски и прогресивни партии. Во ДУИ, сепак, селекцијата на коалициски партнер се врши од страна на лидерот на партијата и Централниот комитет (член 46 и 48). Иако сеуште нема одлука по ова прашање, за изборите во 2013 во НПР, локалните ограноци во консултации со партиските извршни тела одлучуваат за селекција на коалициски партнер.

- Дали е можно членови на локалните ограноци да бидат на иста позиција на централно ниво во партијата?

Во ВМРО-ДПМНЕ, според правилата на партијата дозволено е членовите на локалните ограноци да имаат партиска функција, но во практика членовите не се користат со ова право толку често. Од друга страна, правилата на партијата не дозволуваат членови на локалните ограноци да имаат јавни функции, но во практика многумина од нив се истовремено директори или членови на советнички тела.

Членовите на локалните ограноци на ЛДП имаат право истовремено да држат јавни функции што е најчесто и случај. Општинските организации ги селектираат делегатите за Генералното собрание на ЛДП, така што секоја општина има свој преставник.

- Дали можат локалните ограноци да назначуваат делегати за партиската Конвенција/Конгрес и Генералното собрание?

Во СДСМ, по предлог на Извршниот одбор на членови, општинската конференција назначува кандидати за централната Конвенција. Процедурата за избор на локални

делегати за централната Конвенција е опфатена со член 44. Општинската организација селектира делегати за Генералното собрание на ЛДП, така што секоја општина има свој преставник.

Во ДПА, Собранието на општинските организации предлага листа на кандидати за Конгресот на партијата (член 19.6.5). Со тајно гласање, делегатите ја потврдуваат листата на собранието. Бројот на делегати е пропорционален со бројот на членови на општинската организација.

Во ВМРО-ДПМНЕ процедурата не е пропишана со Статутот на партијата, но според воспоставената практика Централниот комитет ги дефинира критериумите за избор на делегати за Конгресот. Во НПР локалните ограноци назначуваат делегати за Конвенцијата.

Табела 2: Индекс на партиска демократија – Односи помеѓу Централните партиски органи и локалните ограноци

| | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ЛДП | ДУИ | ДПА | НПР | Објаснување на индексот (можни се меѓу-категории) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кој има право да основа партиски ограноци | 1 | 0.5 | 1 | 2 | 1,5 | 2 | Локалните членови може да иницираат нов огранок автономно без одлука од централа =3<br>Локалните членови основаат огранок во соработка со централната управа која гласа за предлогот= 2<br>Локални ограноци основани од Генералниот совет =1<br>Локални ограноци основани од страна на партиските извршни органи =0 |
| Кој развива програма за локалните избори | 2 | 2.5 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | Локални ограноци =3<br>Локални ограноци во консултација со Генералниот совет=2<br>Локални ограноци во консултација со партиските извршни органи=1<br>Партиски извршни органи/ експертска група без консултација со ограноците=0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кој назначува/ поставува кандидати за | 1 | 2.5 | 0.5 | 2 | 1.5 | 1 | Локални ограноци =3<br>Локални ограноци во консултација со Генералниот совет=2<br>Локални ограноци во консултација со партиските извршни органи=1<br>Партиски извршни органи/ експертска група без консултација со ограноците=0 |
| Кој назначува/ поставува кандидати за локалните собраниски листи? | 0.5 | 1.5 | 1 | 0.5 | 1.5 | 1 | Локални ограноци =3<br>Локални ограноци во консултација со Генералниот совет=2<br>Локални ограноци во консултација со партиските извршни органи=1<br>Партиски извршни органи/ експертска група без консултација со ограноците=0 |
| Редоследот на кандидатите на локалните собраниски листи? | 1 | 1 | 1 | 0.5 | 1.5 | 1 | Локални ограноци =3<br>Локални ограноци во консултација со Генералниот совет=2<br>Локални ограноци во консултација со партиските извршни органи=1<br>Партиски извршни органи/ експертска група без консултација со ограноците=0 |
| Одлука за коалициски партнери на локалните избори | 0.5 | 0 | 0 | 1 | 0.5 | 1 | Локални ограноци =3<br>Локални ограноци во консултација со Генералниот совет=2<br>Локални ограноци во консултација со партиските извршни органи=1<br>Партиски извршни органи/ експертска група без консултација со ограноците=0 |
| Дали е можно член на локален огранок да држи позиција на централно ниво на партијата | 1.5 | 1.5 | 1 | 1 | 1 | 1 | Не=3<br>Да, избрани од Конгресот=2<br>Да, избрани од Генералниот со вет=1<br>Да, избрани од партискиот Извршен одбор=0 |
| Дали може локалниот огранок да назначува делегати за Конвенцијата и Генералното собрание | 2 | 2 | 2.5 | 2.5 | 2.5 | 2 | Да, автономен изор3<br>Да, но со согласност од Генералниот совет=2<br>Да, но со согласност на партискиот Извршен одбор=1<br>Не=0 |
| ВКУПНО | 9.5 | 11.5 | 7.5 | 10 | | 9.5 | |

# 4. ИЗБОРИ И ВНАТРЕПАРТИСКА ДЕМОКРАТИЈА

Законската рамка која го дефинира изборниот процес има големо влијание врз нивото на внатрепартиска демократија во одредена земја. Според Законот за избори[33] во Македонија, изборот на пратеници во Собранието се врши според пропорционален систем. Системот се смета дека има многу предности во однос на другиот изборен систем: бројот на таканаречени "изгубени гласови" е значително намален; придонесува кон поправичен трансфер на гласови во мандати, поправична застапеност на сите сегменти на општеството, и поправична полова застапеност.[34] Без оглед на тоа, во однос на внатрепартиската демократија, во пропорционален систем каде што редоследот на листата е предодреден (затворени листи), граѓаните немаат можност да гласаат за индивидуални кандидати. Таков систем неприкосновено влијае врз внатре-партиските избори, а како краен резултат ги одредува односите на моќта во рамките на партијата.

Неодамнешната дебата за внатрепартиска демократија во Македонија стана повторно актуелна во светло на проектот

[33] Службен весник на Република Македонија (Бр.40/2006).
[34] Изврор: www.otvorenilisti.org.

за воведување систем на отворени листи за парламентарните избори, под иницијатива на Граѓанската асоцијација Мост, Националниот демократски институт (НДИ) и Институтот за парламентарна демократија. Преку јавни кампањи, целта на проектот е да ја зголеми свесноста кај граѓаните за предностите на пропорционалниот изборен модел со системот на отворени листи, како што се отчетноста и транспарентноста во изборниот процес.

Аргументите кои одат во прилог на системот со отворени листи потврдуваат дека истите ќе придонесат кон поголема партиска демократија, со оглед на тоа дека селекцијата на кандидати ќе биде децентрализирани во голема мера. Во дополнение, се вели дека овој систем ги фаворизира поспособните и поприфатливите кандидати кои ги земаат предвид потребите и очекувањата на граѓаните, со тоа што партијата станува поефикасна во остварувањето на очекувањата на граѓаните (Тесин, 2004; Лехрер, 2012). Подолу, со овој труд се врши преглед на односот помеѓу изборниот процес и внатрепартиската демократија во Македонија, со фокус на процедурите за селектирање на кандидати за државните избори.

- Кој одлучува за кандидати за парламентарни избори и нивниот редослед?

Во Статутот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ процесот за селекција на кандидати не е јасно дефиниран, но во рамките на партијата ова преставува добро воспоставена практика. Селекцијата на кандидати за пратеници во парламентот се врши од страна на Централниот комитет, како и редоследот на кандидати на пратеничката листа. Општинската организација е вклучена во процесот на назначување на кандидати.

Во СДСМ, статутот на партијата јасно го назначува телото кое е одговорно за селекција на кандидати за изборите. Тоа е Централниот комитет кој ги определува кандидатите за парламентарните избори како и нивниот редослед на изборните листи (член 29). На сличен начин, Централниот комитет на ЛДП го преставува телото кое е одговорно за селекција на кандидати за изборите. Оттука, Централниот комитет според Статутот ги определува кандидатите за парламентарните избори и нивниот редослед на изборните листи (член 39). Централните комитети на ДПА, ДУИ и НПР, се партиските тела кои вршат селекции и подредување на кандидатите за парламентарните избори.

- Кој ја пишува/одобрува партиската платформа за државни избори?

Во ВМРО-ДПМНЕ, изборната програма ја составуваат тим на експерти, граѓаните, преку јавен проглас, како и тимови на Извршниот комитет, Централниот комитет и Регионалните комитети. Изборната програма тогаш се дава на усвојување од страна на Централниот комитет.

Според Статутот на СДСМ, Конгресот преставува партиско тело кое ја одобрува партиската програма (член 27.10). Сепак, Статутот не пропишува кое тело ја формулира партиската програма.

Изборната програма на ЛДП ја пишуваат експерти на партијата а потоа се усвојува од страна на Централниот комитет. Тоа значи дека централна фигура во изборниот процес е Централниот комитет.

Табела 3: Индекс на партиска демократија – Избори и партиска демократија

| | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ЛДП | ДУИ | ДПА | НПР | Објаснување на индексот (можни се меѓу-категории) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Селекција на кандидати за избори | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | Конгрес (Генерален совет + ограноци)=3<br>Генералне совет= 2<br>Претседателство=1<br>Претседател/работна група во претседателството=0 |
| Подредување на кандидатите на листата | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | Конгрес (Генерален совет + ограноци)=3<br>Генералне совет= 2<br>Претседателство=1<br>Претседател/работна група во претседателството=0 |
| Кој ја пишува партиската платформа за државните избори? | 2 | 2.5 | 2 | 1.5 | 1.5 | 0.5 | Конгрес (Генерален совет + ограноци)=3<br>Генералне совет= 2<br>Претседателство=1<br>Претседател/работна група во претседателството=0 |
| Кој ја усвојува партиската програма за државните избори? | 2.5 | 2 | 1.5 | 2 | 2 | 1.5 | Конгрес (Генерален совет + ограноци)=3<br>Генералне совет= 2<br>Претседателство=1<br>Претседател/работна група во претседателството=0 |
| ВКУПНО | 8.5 | 8.5 | 7.5 | 7.5 | 7.5 | | |

# 5. ЗАКЛУЧОК

Целта на оваа студија беше да се направи проценка на внатрепартиската демократија во Македонија со фокус на суштинските инструментални елементи на внатрепартиската демократија организирани во три категории: општо ниво на внатрепартиска демократија, автономија на локалните ограноци, како и демократијата и изборите.

Во академската дебата, како и во Македонија, прашањето на внатрепартиската демократија во една консолидирачка демократија во голема мера се анализира во контекст на развојот на севкупните демократски процеси во овие земји. Со други зборови, прашањето тука е до која мера може партиската демократија да придонесе за развој на севкупните демократски процеси во една консолидирачка демократија. Сепак, нема јасно воспоставена врска помеѓу демократијата во одредена земја и внатрепартиската демократија. Оттука, за некои научници, во некои демократски земји од големо значење е политичките партии да овозможат еднакви можности за секој граѓанин да земе ефикасно учество во

политичкиот живот. Од друга страна, како што вели Хиршман (1972), политичките партии се волонтерски организации кои имаат слобода да постават свои правила и норми по кои ќе делуваат. На тој начин, членовите можат да бираат дали ќе се поведуваат по тие правила и норми, или да ја напуштат партијата (Рахат, Хазан и Катц, 2008).

Воопшто, политичките партии во Македонија најчесто се идентификуваат по нивните лидери што е резултат на централна дистрибуција на моќта во рамките на партијата. Оттаму, може да се каже дека партиските лидери во Македонија поседуваат голема моќ која во повеќето случаи е без конкуренција, а може да се практикува во разни форми со цел да се влијае на политиката на партијата и процесот на донесување одлуки (Силјаноска-Давкова, 2005; Карасимеонов 2005). Одлуките кои се носат во рамките на партиите го следат пристапот од горе-надолу избегнувајќи поширока расправа помеѓу членовите во процесот. Понатака, автократските тенденции на лидерите се веќе добро воспоставена практика во секојдневното функционирање на политичките партии, а ова преставува дел од партиската култура во Македонија.

Што се однесува до можноста да се формираат партиски фракции, ниту една партија во Македонија има законски уредени партиски фракции според нивните Статути. Во повеќето случаи, партиските фракции не се експлицитно споменати во статутите на партиите. Во практика, иако генерално има нетолеранција спрема партиски фракции, тие постојат неформално во рамките на партиските организации. Сепак треба да се напомене дека во повеќето случаи фракции се формираат како резултат на лични несогласувања помеѓу лидерот на партијата и членството, или поради незадоволство кај одредена група од партиското членство со некои одлуки

донесени од страна на партиското раководство, најчесто поврзани со оперативни прашања и назначување на партиски членови за јавни функции. При сериозни несогласувања помеѓу некои партиски членови и мнозинството во партијата скоро секогаш резултира со маргинализација на тие членови од процесот на донесување одлуки. Доколку членот на партијата има поддршка од влијателна група во рамките на партијата или од граѓаните, најчесто тој/таа одбира да основа нова партија за да ги постигне целите.

Партиските членови кои се пратеници се дисциплинирани, и скоро секогаш гласаат во согласност со предлозите доставени од страна на централните органи. Понатака, парламентарците ретко се изјаснуваат со различен став од тој усвоен од страна на партијата. Кај некои партии, Статутот дава простор за критика, но во практика критичарите секогаш биле маргинализирани, а во некои случаи дури и исклучени од партиите. Според резултатите на партиите врз основа на индексот за општа партиска демократија, НПР малку заостанува во однос на другите партии вкучени во оваа анализа.

Доминација на елити и концентрација на голема моќ од страна на лидерите на партиите е забележано во сите партии во Македонија кои се опфатени со оваа студија. Во односот со локалните ограноци, и покрај правата кои им се пропишани со Статутот на партијата, сепак влијанието на партиското раководство е одлучувачко во креирањето политики и донесувањето одлуки за оперативни прашања. СДСМ според индексот е најдецентрализирана партија, каде според Статутот значително повеќе права им се доделени на локалните ограноци.

Табела 4: Општ индекс за партиска демократија

| | СДСМ | ВМРО- | ЛДП | ДУИ | ДПА | НПР |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо ниво на демократија во рамките на партијата | 12.5 | 9.5 | 10 | 8 | 7 | 6.5 |
| Односите помеѓу централните партиски тела и локалните ограноци | 9.5 | 11.5 | 7.5 | 10 | 10.5 | 9.5 |
| Избори и партиска демократија | 8.5 | 8.5 | 7.5 | 7.5 | 7.5 | |
| ВКУПНО (Максимум 60 поени) | 30.5 | 30.5 | 25 | 25.5 | 25 | |

Според горната табелата, македонските политички партии генерално имаат постигнато половина од максималните поени за внатрепартиска демократија. Во категоријата општо ниво на демократија во рамките на партијата, сите партии постигнаа ниски резултати што со сигурност го потврдува високото ниво на централизираност кај македонските политички партии. Централизираноста од друга страна може да доведе до понатамошно оттуѓување на партијата од своите избирачи. Што се однесува до втората категорија, односот помеѓу централните партиски тела и локалните ограноци, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ имаат постигнато повисоки резултати во споредба со другите партии. Другите партии делумно заостануваат и во оваа категорија главно поради процедурите за донесување одлуки во партиите, што во голема мера е процес под контрола на централните партиски тела. На тој начин, евидентно е дека локалните ограноци имаат потреба од поголема автономија во насока на нивната улога при креирањето на програмата за локални избори, назначување на кандидати за локалните избори и редоследот на листите. Во третата категорија, избори и партиска демократија, сите партии постигнаа минимални резултати, што покажува дека партиите кои се опфатени со оваа студија делуваат како најцентрализирани организации за време на парламентарните избори.

***Користена литература:***


Бизен, Ингрид ван (2003): *Политички партии во нови демократии: партиска организација во југоисточна и цетнрална Европа,* Палгрејв Макмилан, Лондон.

Даверџер, М. (1964) *Политички партии: нивна организација и активности во современата држава.* Лондон: Метуен.

Вилијам Крос и Андре Бле: *Кој го селектира лидерот на партијата? Партиска политика* 2012 ,том 18, бр.2.

Чулар, Г. (2004), *Организациски развој на политичките партии,* Политичка мисао, том XLI, бр. 5, стр. 28–51.

Георги Карасимеонов, (2005) *Организациски структури и внатрепартиска демократија во југоисточна Европа, Софија:* Фондација Фридрих Еберт.

Катц, Ричардс С./ Меир, Питер (2002): *Подемот на партијата во јавните функции: промени во партиската организација во демократиите од дваесеттиот век, во:* Гунтер, Ричард/ Монтеро

Маијо Џош (2008), *Политичките партии и внатрепартиската демократија во источна Африка* (магистерска теза), Универзитетот во Леиден: Леиден.

Рон Лехрер (2012): *Внатрепартиска демократија и партиска респонсивност,* Западно-европска политика, 35:6, 1295-1319.

Тесин, Џонатан Џ, (2007): *Обнова на внатрепартиската демократија: проценка на конкуренцијата, заедничка промисла, како и асоцијативни права на политичките партии,* достапно на: http://works.bepress.com/jonathan_thessin/3.

Сартори, Џовани (1976): *Партии и партиски системи:* Рамка за анализа, том 1. Кембриџ: Cambridge University Press.

Скароу Сузан, Д-р (2005): *Имплементирање на внатрепартиска демократија* НДИ: Вашингтон.

Маравал, Хозе Мариа (2003): *Политичките последици од внатрепартиската демократија,* труд на Естуидо.

Водич на Националниот демократски институт (2008): *Минимум стандарди за демократско функционирање на политичките партии,* Вашингтон.

Холандски институт за повеќепартиска демократија (2004): *Прирачник за институционален развој: рамка за демократско градење на партии.* Хаг: НИМД*.*

Гидеон Рахат, Рувен И. Хазан и Ричард С. Катц (2008), "За немирните односи помеѓу партиципативната, конкурентската и репрезентативната демократија и политичките партии" *Партиска политика,* Том 14, Бр.6.

Круцен, Б. Кастањера, М. Сахугует, Н. (2009): *Партиска организација и изборна конкуренција,* Списание за право, економија и организација, Том. 26, Бр. 2,

Франсоа Бусек, Преглед на фракционализмот (2009) : Типологии, внатрепартиска динамика и трите лица на фракционалистичка партиска политика. Том 15, Бр.4.

Питер Барнел и Андре Геритс (2010). *"Промовирање на партиска политика во новонастанати демократии",* Демократизација, Том. 17, Бр. 6.

Ровен И. Хазан и Гидеон Рахат (2010): *Демократија во рамките на партиите: методи за селекција на кандидати и политичките последици,* Oxford Scholarship Online.

Даскаловски, Ж. и други (2012): *Анализа на внатрепартиската демократија во Косово,* Центар за истражување и креирање политики, Скопје.

Konrad Adenauer Stiftung

CRPM Center for Research and Policy Making

**Фондација Конрад Аденауер**

**Претставништво во Македонија**

Максим Горки 16/кат 3
МК-1000 Скопје

Тел.: +389-2-3231-122
Факс: +389-2-3135-290
E-mail: Skopje@kas.de

**www.kas.de/mazedonien**
**www.crpm.org.mk**